РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ
бр. 04-1396/15
02.11.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Директорот на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони донесе:

# ОДЛУКА

**за избор на кандидат по Интерен оглас број 03/2018 за унапредување на административен службеник во Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**

1. Кандидатот Бојан Андонов по пат на Интерен оглас број 03/2018 се избира за работно место УПР0101В01000 Советник за изработка на акти во Одделение за раководење и стопанисување со ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Кичево, ТИРЗ Струга, ТИРЗ Тетово и ТИРЗ Ранковце во Сектор за раководење, стопанисување и одржување на ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Кичево, ТИРЗ Струга, ТИРЗ Тетово и ТИРЗ Ранковце – 1 извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 03/2018, со архивски број 04-1396/2 од 24.10.2018 година.
3. Именованиот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр.18-9664/2 од 21.09.2018 година, Директорот на Дирекцијата упати барање до Секторот за управување со човечки ресурси бр. 04-1396/1 од 24.10.2018 година, за објавување на интерен оглас во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

По добиеното барање, Секторот за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 03/2018 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Дирекција за тенолошки индустриски развојни зони, на ден 26.10.2018 година, на веб страната на Дирекцијата и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Под реден број 1 на интерниот оглас е работното место УПР0101В01000 Советник за изработка на акти во Одделение за раководење и стопанисување со ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Кичево, ТИРЗ Струга, ТИРЗ Тетово и ТИРЗ Ранковце во Сектор за раководење, стопанисување и одржување на ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Кичево, ТИРЗ Струга, ТИРЗ Тетово и ТИРЗ Ранковце – 1 извршител.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за унапредување на административен службеник формирана од

страна на Директорот на Дирекцијата со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник бр.04-1396/7 од 01.11.2018 година, направи административна селекција на единствениот пријавен кандидат кој ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави Записник од административна селекција бр.04-1396/13 од 02.11.2018 година за унапредување на административен службеник, Записник од спроведено интервју бр. 04-1396/14 од 02.11.2018 година за работно место под реден број 1 категорија В1 и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 03/2018.

Врз основа на ранг листата Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на решението.

**Директор**

**Александар Младеновски**

____________________

**ДОСТАВЕНО ДО:**

***-именованиот административен службеник***
***-Сектор за управување со ЧР***
***-Архива***

изработил:Ана Коневска Зиковска